СЛУ ЛИСТ
НА СОЦИЈАЛИС ЈУГОСЛАВИЈА

1830
Službeni vestnik SR Makedonija
91001 Skopje
fah 51

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи сп д а ф та — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-196-4

БЕОГРАД

БРОЈ 10 ГОД. XXXIX

Овој број е 40 динари. — Аконтација на претплатата за 1983 година изнесува 1 140 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристића број 1. Пошт. фах 226. — Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

122.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОЛГОРОЧНА ПРОИЗВОДСТВЕНА КООПЕРАЦИЈА, ДЕЛОВНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА И ЗА ПРИБАВУВАЊЕ И ОТСТАПУВАЊЕ МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ТЕХНОЛОГИЈА ПОМЕЃУ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И СТРАНСКИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за измени и дополненија на Законот за долгорочна производствена кооперација, деловно-техничка соработка и за прибавување и отстапување материјално право на технологија помеѓу организациите на здружен труд и странски лица, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 1 март 1983 година.

П бр. 265
1 март 1983 година
Белград

Претседател
на Претседателството на СФРЈ,
Петар Стамболиќ, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ДОЛГОРОЧНА ПРОИЗВОДСТВЕНА КООПЕРАЦИЈА, ДЕЛОВНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА И ЗА ПРИБАВУВАЊЕ И ОТСТАПУВАЊЕ МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ТЕХНОЛОГИЈА ПОМЕЃУ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И СТРАНСКИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за долгорочна производствена кооперација, деловно-техничка соработка и за прибавување и отстапување материјално право на технологија помеѓу организациите на здружен труд и странски лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/78) во член 7 по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Под составни елементи на систем, односно на постројка се подразбираат деловите на готов производ и готовите производи што служат за иста намена, а без кои системот или постројката не може да функционира со ист ефект."

Член 2

Во член 20 точка 5 зборот: „определени" се заменува со зборовите: „инженеринг и други".

Член 3

Во член 22 став 1 зборовите: „(право на индустриска сопственост)" се бришат.

Член 4

Во член 24 точка 1 зборовите: „техничките и економските" се бришат.

Во точка 4 по зборовите: „на негово барање" се додаваат запирка и зборовите: „а под условите предвидени во склученото и одобрен договор,".

Во точка 5 зборовите: „гаранција на давачот на технологија дека ќе му се обезбеди на примачот на технологијата" се бришат.

Во точка 6 зборовите: „земајќи ги предвид условите за користење на технологијата утврдени со договорот" се заменуваат со зборовите: „под услов примачот на технологијата да се придржувал кон упатствата на давачот на технологијата".

Во точка 7 зборовите: „а доколку такво штетно дејство може да настане, мерки што треба да се преземат заради отстранување на штетното влијание од користењето на материјалното право на технологија врз животот и здравјето на луѓето, врз предметите и човековата средина" се заменуваат со зборовите: „односно упатство за заштита од штетните дејства врз животот и здравјето на луѓето, врз предметите и човековата средина, ако такво дејство може да настане".

Точка 10 се менува и гласи:

„10) гаранција на договорните страни дека податоците што се утврдени со договорот како доверливи ќе ги сметаат како деловна тајна."

Се додава нов став 2, кој гласи:

„Сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата, по исклучок, на предлог од надлежниот републички односно покраински орган, може да го одобри договорот за прибавување на материјално право на технологија и кога не содржи некоја од гаранциите односно обврската од став 1 точ. 2 до 10 на овој член, ако оцени дека тоа не ќе доведе до штетни последици."

Член 5

Во член 28 став 1 зборот: „отстапување" се заменува со зборот: „прибавување".

Член 6

Во член 33 по став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„Сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата ќе го одобри продолжувањето на важењето на договорот за долгорочна производствена кооперација ако со тој договор се обезбедува повисок степен на освоеност на производството на договорниот производ и договорот за прибавување на материјално право на технологија ако со тој договор се обезбедува нова технологија.

Сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата, на предлог од надлежниот републички односно покраински орган, по исклучок, ќе го одобри продолжувањето на важењето на договорот за долгорочна производствена кооперација, како и продолжувањето на важењето на договорот за прибавување на материјално право на технологија кој не ги исполнува условите од став 2 на овој член ако степенот на освоеноста во домашното производство е толкав што натамошното зголемување на освојувањето е нерационално или ако постои друг општествен интерес."

Досегашниот став 2 станува став 4

Член 7

Во член 34 точка 1 се менува и гласи:

„1) автентични текстови на договорот и заверени преводи на договорот на еден од јазиците на народите на Југославија, ако договорот е составен на странски јазик;".

Во точка 4 по зборот „мислење" се додаваат зборовите „на надлежниот орган", а по зборот „Југославија" се додаваат зборовите: „за склучениот договор и".

Член 8

Во член 35 став 6 се менува и гласи:

„Кон барањето за одобрение на договорот за прибавување на право на заштитен знак организацијата на здружен труд не е должна да го приложи мислењето на Југословенскиот завод за стандардизација од став 3 на овој член и извештајот на Сојузниот завод за патенти од став 4 на овој член."

Член 9

Во член 37 став. 1 точка 1 по зборот „технологија" се додаваат зборовите: „во заштитата и користењето на иновациите до кои таа дошла".

Точка 2 се менува и гласи:

„2) ако давачот на технологија со договорот го задржува правото истата технологија да ѝ ја отстапи и на друга организација на здружен труд на територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија без соодветно обесштетување;"

Во точка 4 зборовите: „права на индустриска сопственост", се заменуваат со зборовите: „материјални права на творбата".

Член 10

Во член 38 точка 1 се менува и гласи:

„1) автентични текстови на договорот и заверени преводи на договорот на еден од јазиците на народите на Југославија, ако договорт е составен на странски јазик;".

Во точка 2 по зборот: „мислење" се додаваат зборовите „на надлежниот орган", а по зборот: „Југославија" се додаваат зборовите: „за склучениот договор и".

Член 11

Во член 39 став 6 по зборовите: „склучила договорот" се додаваат запирка и зборовите: „до републичката, односно покраинската самоуправна интересна заедница за економски односи со странство на чие подрачје е седиштето на организацијата на здружен труд што го склучила договорот".

По став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Кон решението за одобрение на договорот од став 6 на овој член сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата доставува примерок на одобрениот договор и копија на согласноста од член 46 на овој закон. со спецификација, до надлежниот републички односно покраински орган кој дал мислење за оправданоста на склучувањето на договорот и за подобноста на организацијата на здружен труд да ги извршува обврските од договорот, до народната банка на републиката односно до народната банка на автономната покраина и до Сојузната управа за царини."

Досегашните ст. 7 до 9 стануваат ст. 8 до 10.

По став 10 се додава нов став, кој гласи:

„Ако сојузниот орган на управата надлежен з роботи на енергетиката и индустријата не го донес решението од став 1 на овој член во рокот од тој став, ќе се смета дека договорот е одобрен и тој орган е должен на странката, по нејзино барање, в рок од 10 дена од денот на поднесувањето на барањето, да ѝ издаде потврда за истекот на тој рок."

Член 12

Член 43 се менува и гласи:

„Плаќањата што произлегуваат од договорот з долгорочна производствена кооперација ги врш организацијата на здружен труд посебно за секој кооперација, преку посебна девизна сметка ка овластената банка или преку контокорентна сметк со право на пребивање на долговите и побарувањата.

Начинот на плаќање, во смисла на став 1 од овој член, организацијата на здружен труд и странскот лице го утврдуваат со договор.

Плаќањата што произлегуваат од спогодбата з долгорочна мултилатерална кооперација и специјализација на производството, во смисла на член 53 од овој закон, ги врши организацијата на здруже труд преку посебна девизна сметка кај овластенат банка, во согласност со склучената спогодба за долгорочна мултилатерална кооперација и специјализација на производството."

Член 13

По член 53 се додава нова глава VIII со три нови члена, кои гласат

„VIII. Евидентирање на спогодбата за долгорочна мултилатерална кооперација и специјализација на производството

Член 53а

Спогодбата за долгорочна мултилатерална кооперација и специјализација на производството што ќе ја склучи организацијата на здружен труд, деловната заедница и друга самоуправна организација и заедница за сметка на организацијата на здружен труд, со која се определува предметот на кооперацијата односно на специјализацијата, програмата за испорака на опремата што е предмет на специјализацијата или кооперацијата за време на траењето на таа спогодба, начинот на формирање на цените. програмата за развој на односната опрема, обврските на специјализирачката и неспецијализирачката страна во производството и користењето на производите што се предмет на спогодбата и др., се евидентира во сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата.

Организацијата на здружен труд, деловната заедница, друга самоуправна организација или заедница што ќе ја склучи спогодбата од став 1 на овој член должна е да поднесе барање за евидентирање на таа спогодба, барање за евидентирање на нејзините измени и дополненија, односно за продолжување на важењето на спогодбата, во рок од 60 дена од денот на склучувањето на спогодбата.

Член 35б

Кон барањето за евидентирање на спогодбата од член 53а на овој закон се поднесува изворниот текст на спогодбата, а ако изворниот текст на спогодбата е на странски јазик — се поднесува и заверен превод на таа спогодба на еден од јазиците на народите на Југославија.

Член 53в

Овластените органи се должни при склучувањето на меѓудржавни спогодби да водат сметка за обврските на организациите на здружен труд што произлегуваат од спогодбите евидентирани во смисла на член 53а од овој закон."

Член 14

Досегашните глави VIII до XI стануваат глави IX до XII.

Член 15

Во член 55 став 1 точка 2 зборовите: „став 2" се бришат.

Член 16

По член 60 се додаваат два нови члена, кои гласат:

„Член 60а

Во член 3 став 3, член 13 став 2, член 33 став 1, член 37 став 2, член 39 ст. 1, 2, 4, 6, 8 и 9, член 40 став 1, член 41 ст. 2 и 4, член 43 став 1, член 45 став 1, член 46 ст. 2 и 5, член 49 ст. 4, 5 и 6, член 51 став 2, член 55 став 1 точка 1 и член 59 став 1 зборовите: „Сојузниот комитет за енергетика и индустрија" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата", а во член 14 став 2, член 17 став 2, член 28 став 2, член 43 став 4 и член 58 став 3 зборовите: „претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија" се заменуваат со зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на енергетиката и индустријата".

Во член 16 став 3, член 19 став 2, член 32 став 6, член 36 став 4, член 39 ст. 2 и 6, член 42 став 1, член 44 став 1, член 45 став 3, член 46 став 3, член 49 ст. 5 и 6 и член 59 став 2 зборовите: „Сојузниот секретаријат за народна одбрана", се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на народната одбрана", а во член 17 став 4, член 32 став 8, член 36 став 4, член 42 став 2 и член 44 став 2 зборовите: „сојузниот секретар за народна одбрана" се заменуваат со зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на народната одбрана".

Во член 39. ст. 2 и 6 зборовите: „Сојузниот секретаријат за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за внатрешни работи".

Во член 46 ст. 2 и 5 зборовите: „Сојузниот секретаријат за надворешна трговија" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија", а во член 58 став 3 зборовите: „сојузниот секретар за надворешна трговија" се заменуваат со зборовите: „функционерот кој раководи со сојузниот орган на управата надлежен за работи на надворешната трговија".

Во член 35 став 5 зборовите: „Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална политика" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на трудот, здравството и социјалната заштита", а зборовите: „Сојузниот комитет за земјоделство" се заменуваат со зборовите: „сојузниот орган на управата надлежен за работи на земјоделството".

Член 60б

Се овластува Законодавно-правната комисија на Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија да го утврди пречистениот текст на Законот за долгорочна производствена кооперација, деловно-техничка соработка и за прибавување и отстапување материјално право на технологија помеѓу организациите на здружен труд и странски лица."

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

123.

Врз основа на член 322 став 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со Амандман IV точка 1 на Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Собранието на СФРЈ, на заедничката седница на Сојузниот собор и на Соборот на републиките и покраините од 1 март 1983 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗБОРОТ И ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Се прогласува:

дека Мика Шпиљак од Социјалистичка Република Хрватска е избран за член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

2. Се објвува дека Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југослвија го сочинуваат:

— од Социјалистичка Република Босна и Херцеговина Цвиетин Мијатовиќ;

— од Социјалистичка Република Македонија Лазар Колишевски;

— од Социјалистичка Република Словенија Сергеј Крајгхер;

— од Социјалистичка Република Србија Петар Стамболиќ;

— од Социјалистичка Република Хрватска Мика Шпиљак;

— од Социјалистичка Република Црна Гора Видое Жарковиќ;

— од Социјалистичка Автономна Покраина Војводина Радован Влајковиќ;

— од Социјалистичка Автономна Покраина Косово Фадиљ Хоџа и

— Митја Рибичич као претседател на Претседателството на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Југославија.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 176
1 март 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
Никола Кмезиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

124.

Врз основа на член 267 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а во врска со чл. 7 и 8 од Општествениот договор за основање на Титов фонд за стипендирање на млади работници и деца на работници, на предлог од Комисијата на Собранието на СФРЈ за избор и именувања, Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 16 февруари 1983 година и на седницата на Соборот на републиките и покраините од 1 март 1983 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСТАВНИК НА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ ВО СОБРАНИЕТО НА ТИТОВИОТ ФОНД ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА МЛАДИ РАБОТНИЦИ И ДЕЦА НА РАБОТНИЦИ

За претставник на Собранието на СФРЈ во Собранието на Титовиот фонд за стипендирање на млади работници и деца на работници се избира Борис Петковски, делегат во Сојузниот собор.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 170
1 март 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на
републиките и
покраините,
Никола Кмезиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

125.

Врз основа на член 279 став 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во врска со член 8 став 1 од Законот за средствата за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што погоди подрачјето на Социјалистичка Република Црна Гора во 1979 година, Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините одржана на 1 март 1983 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОБВРСКИТЕ НА РЕПУБЛИКИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ ЗА 1983 ГОДИНА УТВРДЕНИ СО ЗАКОНОТ ЗА СРЕДСТВАТА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КАТАСТРОФАЛНИОТ ЗЕМЈОТРЕС ШТО ГО ПОГОДИ ПОДРАЧЈЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА ВО 1979 ГОДИНА

1. Обврските на републиките и автономните покраини за 1983 година, утврдени во чл. 4 и 5 од Законот за средствата за отстранување на последиците од катастрофалниот земјотрес што го погоди подрачјето на Социјалистичка Република Црна Гора во 1979 година се утврдуваат во следниве износи:

1) средства без обврски за враќање

	Динари
— СР Босна и Херцеговина	656.274.489
— СР Македонија	294.718.295
— СР Словенија	815,211.856
— СР Србија надвор од територијите на социјалистичките автономни покраини	1.262,552.125
— СР Хрватска	1.394.649.076
— СР Црна Гора	110 519.361
— САП Војводина	604,172.505
— САП Косово	124,728.993

2) во вид на кредит:

	Динари
— СР Босна и Херцеговина	394,148.621
— СР Македонија	156,794.890
— СР Словенија	433,705.865
— СР Србија надвор од територијите на социјалистичките автономни покраини	671,698.109
— СР Хрватска	741,975.319
— СР Црна Гора	58,798.034
— САП Војводина	321,429.525
— САП Косово	66,357.837

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Собрание на СФРЈ

АС бр. 142
1 март 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Претседател
на Соборот на републиките и
покраините,
Никола Кмезиќ, с. р.

126.

Врз основа на член 327. ст. 1 и 2 од Уставот на СФРЈ, во врска со член 70 став 2 од Деловникот за работа на Претседателството на СФРЈ, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на седницата одржана на 1 март 1983 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗБОР И ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За потпретседател на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се избира и прогласува членот на Претседателството на СФРЈ од СР Хрватска Мика Шпиљак.

Бр. О-2
1 март 1983 година
Белград

Претседателство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

127.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ на седницата одржана на 1 март 1983 година ја разгледуваше „Платформата за дејствувањето на југословенската делегација на VII конференција на шефовите или на владите на неврзаните земји од 5. до 11 март 1983 година во Њу Делхи“.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ истакнува:

— дека одржувањето на конференцијата на шефовите на државите или на владите на неврзаните земји е од извонредно значење за постојаното потврдување на независната улога на движењето на неврзаноста во светот и дека тие конференции се неопходни за создавање на единствен поглед на ме-

ѓународните односи и за унапредување на акционата способност на движењето врз неговите изворни принципи;

— дека Социјалистичка Федеративна Република Југославија, во согласност со својата трајна неврзана ориентација, сестрано ќе се ангажира и во работата на VII конференција на шефовите на државите или на владите на неврзаните земји;

— дека Социјалистичка Федеративна Република Југославија, уверена дека неврзанаѓа политика е единствена алтернатива, чувствува посебна обврска сестрано да се ангажира во работата на Конференцијата, посебно имајќи го предвид придонесот на Јосип Броз Тито во создавањето на движењето на неврзаноста и неговата непоколеблива борба за одбрана на слободата, независноста и самостојниот развој на сите земји во светот врз принципите на активната мирољубива коегзистенција.

Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ укажува:

— дека конфронтирањето на интересите на големите сили и обидите за ширење на блоковските влијанија, што се пројавува во непрекинатиот растечки натпревар во сите видови на вооружувањето, создавањето на нови кризни жаришта и разбувнување на постојните, во воените интервенции и мешањето во внатрешните работи, бара од неврзаните земји, кои во повеќето случаи се жртви на таквото односување, постојана активност на планот на јакнењето на мирот и безбедноста за сите земји и народи во светот;

— дека длабоката светска економска криза, која сериозно ја загрозува стабилноста на меѓународните односи и особено тешко ги погаѓа земјите во развој, исто така бара од неврзаните земји, со потпирање врз сопствени сили и меѓусебна соработка, упорно да се залагаат за рамноправни односи помеѓу развиените земји и земјите во развој, оживувајќи ги во форумите на Обединетите нации преговорите за најактуелните прашања на тие односи и продолжувајќи ја борбата за долгорочната цел на движењето на неврзаноста — воспоставување на нов меѓународен економски поредок.

— дека во сегашната светска ситуација VII конференција на шефовите на државите или на владите на неврзаните земји има извонредно значење за претворање на огромната морална и политичка сила на движењето во ефикасно дејствување со цел зацврснување на мирот и безбедноста, попуштање на затегнатоста и продлабочување на доверба̀та, зајакнување на иницијативите за запирање на натпреварот во вооружувањето, создавање на нови посправедливи економски односи и осигурување на правото на независен развој, отстранување на кризните жаришта и завршување на процесот на деколонизацијата;

— дека VII самит во Њу Делхи претставува поттик за натамошно развивање на односите и унапредување на соработката помеѓу неврзаните земји, а посебно на планот на стриктното почитување на принципот за мирољубиво решавање на споровите.

Собранието на СФРЈ, врз основа на член 129 од Деловникот на Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 1 март 1983 година во врска со ова ги донесе следниве

ЗАКЛУЧОЦИ

1. Се одобрува „Платформата за дејствувањето на југословенската делегација на VII конференција на шефовите на државите или на владите на неврзаните земји од 5 до 11 март 1983 година во Њу Делхи, што ја поднесе Сојузниот извршен совет а ја прифати Претседателството на СФРЈ.

2. Се повикуваат сите општествено-политички организации и сите средства на јавното информирање да се заложат за што попотполно известување на работните луѓе и граѓаните на Југославија за значењето, текот и документите на VII конференција на шефовите на државите или на владите на неврзаните земји.

3. Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ ќе утврди, на предлог на Сојузниот извршен совет, мерки за спроведување на обврските што произлегуваат од документите што ќе бидат усвоени на VII конференција на шефовите на државите или на владите на неврзаните земји во Њу Делхи.

4. Овие заклучоци ќе се објаваат во „Службен лист на СФРЈ".

Собрание на СФРЈ

Бр. 14
1 март 1983 година
Белград

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Претседател
на Сојузниот собор,
д-р **Антон Вратуша**, с. р.

128.

Врз основа на член 4 став 1 точка 1 и став 3 од Законот за мерките за ограничување на пазарот и на слободниот промет на стоки и услуги од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75), врз основа на усогласените ставови со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

УРЕДБА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА УРЕДБАТА ЗА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ПРОМЕТОТ НА ЛЕБОТ

Член 1

Уредбата за посебните услови за прометот на лебот („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/82) престанува да важи.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 55
17 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

129.

Врз основа на член 61 став 1 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ ЗА СИТЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ, ОСВЕН ЗА ПРОИЗВОДИТЕ И УСЛУГИТЕ ЗА КОИ СЕ УТВРДУВА ОБВРСКАТА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕНОВНИЦИ ДО ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА РАБОТИ НА ЦЕНИТЕ ЗАРАДИ ЗАВЕРКА

1. Во Одлуката за определување на највисокото ниво на цените за сите производи и услуги, освен за

производите и услугите за кои се утврдува обврската за доставување на ценовници до заедниците за работи на цените заради заверка („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/83) во точка 1 се додаваат нови ст. 3 и 4, кои гласат:

„Надлежните органи во републиките и автономните покраини можат да ги пропишат највисоките цени за леб и печиво што се произведуваат од пченично брашно од типот „850" во согласност со цената на брашното од типот „850" сразмерно со учеството на тоа брашно во лебот односно печивото.

Во цената на лебот и печивото произведени од пченично брашно од типот „850" се засметуваат трошоците за печење на лебот и печивото од пченично брашно од типот „850" најмногу до апсолутните износи што постоеле на 31 јули 1982 година."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 57
31 јануари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р

130.

Врз основа на член 61 став 1 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЧНО БРАШНО ОД ТИПОТ „850"

1. Организациите на здружен труд што произведуваат брашно своите цени на пченичното брашно од типот „850" можат да ги формираат така што највисоката продажна цена да изнесува 18,95 динари по еден килограм.

2. Цената од точка 1 на оваа одлука се подразбира франко натоварено во вагон паритет Нови Сад.

3. Врз цената од точка 1 оваа одлука организациите на здружен труд можат за пченичното брашно од типот „850" на име посебни трошоци за ситно меко пакување, извршено на индустриски начин во хартиени кеси, да засметаат, и тоа за:

	Динари
1) пакување од 1 kg	1,60
2) пакување од 2 kg	2,50
3) пакување од 3 kg	3,50
4) пакување од 5 kg	4,60
5) пакување од 10 kg	5,80

4. Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на пченично брашно врз цените од оваа одлука можат да засметаат учество за покритие на трошоците на прометот најмногу до апсолутниот износ кој според прописите постоел на 31 јули 1982 година

5. Оваа одлука влегува во сила додека не се отстранат растројствата во односите на пазарот и во движењето на цените заради чие остранување е донесена, со тоа што најдоцна до истекот на рокот од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе се преиспита дали постојат причини за задржување на оваа одлука во сила.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 58
31 јануари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Милка Планинц, с. р.

131.

Врз основа на член 61 став 1 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРЕРАБОТКИТЕ ОД МЛЕКО

1. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на преработки од млеко (во натамошниот текст: организациите на здружен труд) своите продажни цени за преработките од млеко што според прописите постоеле на 31 јули 1982 година, при задржување на постојните услови за продажба, можат да ги зголемат, и тоа за:

	Најмногу до
1) кисело-млечни напивки и павлака	15%
2) сите видови сирења, млеко во прав и кајмак	19%
3) путер	22%

2. Организациите на здружен труд се должни да ги известат Сојузната заедница за работи на цените, републичките заедници за работи на цените и покраинските заедници за работи на цените за цените формирани во согласност со одредбите на точка 1 од оваа одлука со доставување на ценовник пред денот на почетокот на применувањето на тие цени.

3. Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на мало односно на големо на преработки од млеко можат на цените од точка 1 на оваа одлука да го засметаат учеството за покритие на трошоците на прометот во апсолутен износ што според прописите постоел на 31 јули 1982 година.

4. Оваа одлука останува во сила додека не се отстранат растројствата во односите на пазарот и во движењето на цените заради чие отстранување е донесена, со тоа што најдоцна до истекот на рокот од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе се преиспита дали постојат причини за задржување на оваа одлука во сила.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 61
24 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р

132.

Врз основа на член 61 став 1 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ ЗА ПРЕРАБОТКИТЕ ОД МЕСО И РИБА И НА ЦЕНАТА ЗА СВИНСКА МАСТ

1. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на преработки од месо и риба и со производство на свинска маст и другите производители на овие преработки (во натамошниот текст: производителите) своите продажни цени за преработките од месо и риба и продажната цена за свинска маст што според прописите постоеле на 31 јули 1982 година, при задржување на постојните услови за продажба, можат да ги зголемат, и тоа за:

	Најмногу до:
1) преработки од месо и риба	18%
2) свинска маст	23%

2. Производителите се должни да ги известат Сојузната заедница за работи на цените, републичките заедници за работи на цените и покраинските заедници за работи на цените за цените формирани во согласност со одредбите на точка 1 од оваа одлука со доставување на ценовник еден ден пред почетокот на применувањето на тие цени.

3. Организациите на здружен труд што се занимаваат со промет на мало односно големо на преработки од месо и риба и на свинска маст можат на цените од точка 1 на оваа одлука да го засметаат учеството за покритие на трошоците на прометот во апсолутен износ што според прописите постоел на 31 јули 1982 година.

4. Оваа одлука останува во сила додека не се отстранат растројствата во односите на пазарот и во движењето на цените заради чии отстранувања е донесена, со тоа што најдоцна до истекот на рокот од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе се преиспита дали постојат причини за задржување на оваа одлука во сила.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 63
24 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

133.

Врз основа на член 61 од Закнот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Електростопанските организации што и продаваат електрична енергија на преносна мрежа и електростопанските организации што се занимаваат со дистрибуција на електрична енергија своите постојни тарифни ставови за продажба на електрична енергија што според прописите постоеле на 31 јули 1982 година, можат да ги зголемат до 25%, при задржување на постојните односи и услови за продажба.

2. Електростопанските организации што продаваат електрична енергија на преносната мрежа и електростопанските организации што се занимаваат со дистрибуција на електрична енергија, се должни да ја известат Сојузната заедница за работи на цените на електричната енергија, формирани во согласност со одредбите на точка 1 од оваа одлука, со доставување на тарифни ставови пред денот на почетокот на применувањето на тие цени.

3. Оваа одлука останува во сила додека не се отстранат растројствата во односите на пазарот и во движењето на цените заради чие отстранување е донесена со тоа што најдоцна до истекот на рокот од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука ќе се преиспита дали постојат причини за нејзино задржување во сила.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 64
24 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

134.

Врз основа на член 86 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77, 61/82 и 77/82), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСИТЕ И УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ГРАЃАНИ И ГРАЃАНСКИ ПРАВНИ ЛИЦА МОЖАТ ДА КУПУВААТ ДЕВИЗИ КАЈ ОВЛАСТЕНА БАНКА

1. Во Одлуката за износите и условите под кои граѓани и граѓански правни лица можат да купуваат девизи кај овластена банка („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/77) во точка 1 во одредбата под 7 зборовите: „Сојузниот комитет за здравство и социјална заштита" се заменуваат со зборовите: „надлежниот републички односно покраински орган".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 65
10 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

135.

Врз основа на член 61 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), врз основа на согласност од надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ ЗА ЈАГЛЕН

1. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производството на јаглен (во натамошниот текст: рудниците на јаглен) своите производителски цени за јаглен кои според прописите постоеле на 31 јули 1982 година можат да ги зголемат до 25%, при постојните услови на продажбата.

2. Највисокото ниво на цените за јаглен од точка 1 на оваа одлука не се применува на цените за јаглен што, согласно со член 14 на Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените, со самоуправни спогодби за утврдување и распоредување на заедничкиот приход остварен со продажбата на електрична енергија според пропишаните цени ќе ги утврдат рудниците на јаглен и термоцентралите.

3. Организациите на здружен труд што се занимаваат со работите на прометот на јаглен на мало односно на големо можат врз цените од точка 1 на оваа одлука да засметаат учество за покритие на трошоците на прометот до апсолутниот износ кој според прописите постоел на 31 јули 1982 година.

4. Рудниците на јаглен се должни да ја известат Сојузната заедница за работи на цените за цените на јагленот формирани во согласност со одредбите на точка 1 од оваа одлука, со доставување на ценовници пред денот на почетокот на применувањето на тие цени.

5. Оваа одлука останува во сила додека не се отстранат растројствата во односите на пазарот и во движењето на цените, заради чие остранување е донесена, со тоа што најдоцна до истекот на рокот од шест месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе се преиспита дали постојат причини за нејзино задржување во сила.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 67
25 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател
Милка Планинц, с. р.

136.

Врз основа на член 19 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 78/82), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 1983 ГОДИНА ЗА ПОКРИТИЕ НА ОБВРСКИТЕ ЗА ПОВЛАСТЕНО ВОЗЕЊЕ ВО ПАТНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

1. На организациите на здружен труд што се занимаваат со превоз на патници во јавниот сообраќај (во натамошниот текст: сообраќајните организации) им се исплатува надомест за извршениот превоз во патничкиот сообраќај на лица кои, врз основа на сојузните прописи, имаат право на бесплатни и повластени превози (во натамошниот текст: повластици), и тоа:

1) на членовите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на делегатите на Собранието на СФРЈ и на членовите на Сојузниот извршен совет — врз основа на член 20 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77 и 62/79), за повластиците што ги користат врз основа на легитимација на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на легитимација на делегат на Собранието на СФРЈ, односно на легитимација на член на Сојузниот извршен совет;

2) на членовите на Советот на федерацијата — врз основа на член 10 став 2 од Законот за Советот на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 56/74), за повластиците што ги користат врз основа на легитимација на член на Советот на федерацијата;

3) на народните херои — врз основа на чл. 15 и 16 од Законот за основните права на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 21/74, 33/76, 32/81 и 68/81), за повластиците што ги користат врз основа на легитимација за бесплатно возење на носителите на Орден на народен херој, пропишана со Правилникот за користење на бесплатно и повластено возење на лицата одликувани со Орден на народен херој („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/77) и на Орденска книшка на народен херој;

4) на носителите на „Партизанска споменица 1941" — врз основа на чл. 20 и 21 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81 и 68/81), за повластиците што ги користат врз основа на легитимација за бесплатно и повластено возење на носителите на „Партизанска споменица 1941" пропишана со Правилникот за користење на бесплатно и повластено возење на носителите на „Партизанска споменица 1941" („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/77);

5) на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година — врз основа на чл. 21 и 22 од Законот за основните права на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 40/73, 33/76, 32/81 и 68/81), за повластиците што ги користат врз основа на легитимација за бесплатно и повластено возење на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година пропишана со Правилникот за образецот на легитимацијата за бесплатно и повластено возење на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/82);

6) на лицата одликувани со орден Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, со орден Бел орел со мечеви и со Златен медал на Обилиќ, установен во Црна Гора 1851 година — врз основа на член 1а и 9 од Законот за основните права на лицата одликувани со орден Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, со орден Бел орел со мечеви и со Златен медал на Обилиќ („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 22/73, 33/76 и 68/81), за повластиците што ги користат врз основа на легитимација за бесплатно возење на носителите на орден Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, на орден Бел орел со мечеви и на Златен медал на Обилиќ, пропишана со Правилникот за користење на бесплатно возење на лицата одликувани со орден Караѓорѓева ѕвезда со мечеви, со орден Бел орел со мечеви и со Златен медал на Обилиќ („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/77);

7) на воените инвалиди и на уживателите (корисници) на семејна инвалиднина — врз основа на чл. 52 до 55 од Законот за воените инвалиди („Службен лист на СФРЈ", бр. 67/72, 33/76 и 32/81), односно на чл. 63 до 68 од Законот за основните права на воените инвалиди и на семејствата на паднатите борци („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/81), за повластиците што ги користат врз основа на соодветна објава за бесплатно, односно повластено возење и на книшка за повластено возење на воени инвалиди, пропишана со Правилникот за остварување на правото на воените инвалиди на бесплатно и повластено возење („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/77), односно врз основа на соодветна објава за бесплатно, односно повластено возење и на Книшка за повластено возење на воен инвалид, пропишани со Правилникот за начинот на остварување и користење на правото на бесплатно и повластено возење („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/82).

2. Надоместот од точка 1 на оваа одлука им се исплатува на сообраќајните организации само за превозот извршен во внатрешниот јавен сообраќај и тоа на релации, односно линии предвидени во редот на возењето и по однапред утврдени редовни цени на превозот.

3. Надоместот од точка 1 на оваа одлука им се исплатува на сообраќајните организации врз основа на доказите за извршениот превоз на корисниците на повластицата.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, надоместот за бесплатен превоз на членовите на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на членовите на Советот на федерацијата, на делегатите на Собранието на СФРЈ и на членовите на Сојузниот извршен совет, им се исплатува на сообраќајните организации во паушален износ. Височината на тој надомест се утврдува со договор што го склучуваат претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски и Заедницата на југословенските железници, врз основа на бројот на корисниците на повластиците, проценетиот број на патувањата, проценетиот просечен превозен пат и износот на редовната цена на возниот билет на просечниот пат за едно патување во односниот период.

4. Надоместот од точка 1 на оваа одлука се исплатува врз основа на барање за исплата на надоместот што сообраќајната организација ѝ го поднесува на службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка.

5. Исплатата по барањето од точка 4 на оваа одлука ја врши Службата на општественото книговодство на Југославија од средствата на Буџетот на федерацијата за 1983 година, позиција 498 — Средства за покритие на обврските за повластено возење во патничкиот сообраќај.

6. Сојузниот секретар за финансии, во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски ќе го пропише начинот на исплатувањето на надоместот на сообраќајните организации за искористеното бесплатно и повластено возење, како и документацијата што се поднесува кон барањето за исплата на надоместот.

7. Исплатувањето на надоместот според оваа одлука се врши за превозот што ќе се изврши од 1 јануари до 31 декември 1983 година.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 68
24 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

137.

Врз основа на член 1036 став 1 точка 4 од Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77 и 13/82), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПАРИЧНИТЕ ИЗНОСИ НА ОГРАНИЧУВАЊЕТО НА ОДГОВОРНОСТА НА БРОДАРОТ

1. Паричните износи на кои бродарот на поморски брод може, во смисла на член 380 од Законот за поморската и внатрешната пловидба (во натамошниот текст: Законот), да ја ограничи својата одговорност се:

1) 4.000 динари по тона од тонажата на односниот брод, ако со еден настан настанало само побарување од материјални штети;

2) 12.000 динари по тона од тонажата на односниот брод, ако со еден настан настанало само побарување од телесни штети;

3) 12.000 динари по тона од тонажата на односниот брод, ако од еден настан настанале побарувања од телесни штети и побарувања од материјални штети. Од овој износ, износ од 8.000 динари по тона е наменет исклучително за намирување на побарувања од телесни штети, а износ од 4.000 динари по тона исклучително за намирување на побарувања од материјални штети.

2. Паричните износи на кои бродарот на брод на внатрешната пловидба може, во смисла на член 331 од Законот, да ја ограничи својата одговорност се:

1) за брод наменет за превоз на товари:

а) 850 динари по тона на најголемата носивост на бродот без сопствен погон;

б) 850 динари по тона на најголемата носивост на бродот со сопствен погон, зголемен за износот од 1.700 динари по секој kW на машинскиот уред за погон на бродот;

2) за брод што не е наменет за превоз на товари — 5.000 динари по еден кубен метар истиснина на најголемото дозволено газалиште на бродот;

3) за влекач и потискувач — 1.700 динари по секој kW на машинскиот уред за погон на бродот.

3. Паричниот износ на ограничената одговорност на бродарот од член 382 на Законот за бродовите на внатрешната пловидба не може да биде помал од 350.000 динари.

4. Паричниот износ на одговорноста на бродарот за надомест на штета за оштетување, кусок или губење на товар, како и за задоцнување во предавањето на товарот, од член 567 став 1 на Законот, не може да биде поголем од 8.000 динари по единица на оштетен, намален или загубен товар или на товар предаден со задоцнување.

5. Паричниот износ до кој бродарот одговара во случај на смрт или телесна повреда на патникот од член 626 став 1 на Законот, во сите случаи е 420.000 динари по патник и патување.

6. Паричните износи до кои бродарот одговара за штета причинета на багажот поради негово оштетување, намалување или губење или задоцнување во предавањето на багажот на патникот од член 627 став 1 на Законот се:

1) за рачен багаж — 12.000 динари по патник и патување;

2) за возила, вклучувајќи го и багажот што се превезува во возилото или на него — 72 000 динари по возило и патување;

3) за друг багаж, освен багажот од одредбата под 1 и 2 на оваа точка — 18.000 динари по патник и патување.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 69
24 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

138.

Врз основа на член 61 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 33/80), врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ ЗА МЛЕКО И ЗА ЗГОЕНИ ПИЛИЊА — БРОЈЛЕРИ И ДРУГА ЖИВИНА

1. Во Одлуката за највисоките цени за млеко и за згоени пилиња — бројлери и друга живина („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/82 и 4/83 и 5/83), во точка 1 зборовите: „4,45 динари" се заменуваат со зборовите: „5 динари".

2. Во точка 2 зборовите: „до 2.5 динари" се заменуваат со зборовите: „до 5 60 динари".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 70
24 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

139.

Врз основа на член 20 ст. 1 и 2 од Законот за паричниот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 61/82) во согласност со Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82) и со Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1981 до 1985 во 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82), на предлог од Народната банка на Југославија, врз основа на согласност на надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЕМИСИОНА И ПАРИЧНА ПОЛИТИКА И НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ НА КРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1983 ГОДИНА

1. Заради остварување на целите и задачите што се утврдени со Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1983 година (во натамошниот текст: Одлуката за целите за 1983 година), со оваа одлука се утврдуваат поблиските рамки и задачи на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1983 година, кои се однесуваат на регулирањето на количината на пари во оптек и на обемот на банкарските пласмани, како и на основните правци во остварувањето на заедничката селективна кредитна политика.

2. Примарната емисија во 1983 година се утврдува во вкупен износ до 65.000,000.000 динари, од што:

1) за извршување на обврските утврдени со посебен сојузен закон — во износ до 1.500,000.000 динари;

2) за монетизација на хартиите од вредност и за поддршка на остварувањето на селективните цели и задачи на монетарно-кредитната политика — во износ до 60.000,000.000 динари;

3) за давање на краткорочни кредити на банките врз основа на кредитите дадени на граѓаните врз база на дефинитивната продажба на девизи — во износ до 3.500,000.000 динари.

Ако настапат промени на ефектите врз основа на кои е утврден обемот на примарната емисија од став 1 на оваа точка и ако Собранието на СФРЈ, во смисла на точка 2 став 1 од Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1983 година, изврши корекција на лимитот на вкупната нето домашна актива и на пласманите на банките од таа точка, Народната банка на Југославија ќе предложи соодветна корекција на обемот на примарната емисија од став 1 на оваа точка.

3. Примарната емисија од точка 2 став 1 на одредбата под 1 на оваа одлука ќе се користи заради извршување на обврските утврдени со Законот за обезбедување средства на железничките транспортни организации на здружен труд за купување на шински возила од домашно производство („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82).

4. Примарната емисија, во рамките на износот од точка 2 став 1 одредба под 2 на оваа одлука ќе се користи за:

1) купување на краткорочни преносливи хартии од вредност што ги издаваат организациите на здружен труд од областа на стопанството или нивните интерни банки по работите на купопродажба на стоки и вршење на услуги во Југославија и за давање кредити на банките врз основа на тие хартии од вредност и на странските хартии од вредност што ги поседуваат организациите на здружен труд;

2) за поддршка на остварувањето на селективните цели на монетарно-кредитната политика.

5. Поддршката со примарната емисија на остварувањето на селективните цели на монетарно-кредитната политика од точка 4 одредба под 2 на оваа одлука ќе се остварува преку монетизација со селективно обележје на хартиите од вредност што ги издаваат организациите на здружен труд од областа на стопанството и на другите исправи по работите на купопродажба на стоки и вршење на услуги во Југославија и преку давање кредити на банките врз основа на исправите што произлегуваат од стоково-паричните работи за намените од точка 5 став 3 на Одлуката за целите за 1983 година.

6. Народната банка на Југославија ќе ги пропише условите за купување на хартии од вредност и за давање кредити од точка 4 и за поддршка на остварувањето на селективните цели на монетарно-кредитната политика од точка 5 на оваа одлука, во согласност со рамките утврдени во точка 2 став 1 одредба под 2 на оваа одлука.

При пропишувањето на условите од став 1 на оваа точка Народната банка на Југославија ќе обезбеди условите за користење на примарната емисија за кредитирање на извозот и земјоделството, во поглед на стапката на реесконтот, да не се влошуваат во текот на првото тримесечје од 1983 година.

При пропишувањето на условите од став 1 на оваа точка Народната банка на Југославија ќе вли-

јае преку примарната емисија во работите на извозот, да се поттикнува побрза наплата на остварениот извоз на стоки и услуги и поголема мобилност на вкупните девизни средства, а во поглед на другите селективни намени — да се обезбеди усогласување на роковите за користење на примарната емисија за циклусот на производството на одделни производи и создавање залихи на тие производи, односно усогласување со стоковно-паричните односи и со потребите на пазарот.

7. Во согласност со одредбите на точка 7 став 1 од Одлуката за целите за 1983 година се смета дека настанал вештачки недостиг на стоки на единствениот југословенски пазар кога организациите на здружен труд држат неоправдано ниво на залихи на определени стоки поради шпекулативни причини, а истовремено тие стоки ги нема на пазарот.

Сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи со посебен акт утврдува дека настанал вештачки недостиг на определени стоки и кои организации на здружен труд поради шпекулативни причини држат неоправдано ниво на залихи на тие стоки и/тој акт го доставува до Народната банка на Југославија.

Народната банка на Југославија, врз основа на актот од став 2 на оваа точка, ќе донесе одлука за запирање на натамошното кредитирање на банките за залихи на стоки по кредитите дадени на организациите на здружен труд за кои, во смисла на став 2 од оваа точка, е утврдено дека држат неоправдано ниво на залихи на стоки, што ги нема на пазарот, и преку народните банки ќе изврши наплата на кредитите од тие банки и ќе ги задолжи да го запрат натамошното кредитирање на наведените организации за тие стоки и од нив да ги наплатат кредитите дадени за тие стоки.

8. Ако откупот на основни земјоделско-прехранбени производи се врши спротивно на одредбите од склучените договори за организиран откуп на тие производи, органите на пазарната инспекција се должни за секоја поднесена пријава истовремено да ја известат и надлежната народна банка на републиката, односно надлежната народна банка на автономната покраина.

Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина врз основа на извештајот од став 1 на оваа точка ќе го запре натамошното кредитирање, ќе ѝ изврши наплата на дадените кредити на банката за залихите на определени земјоделско-прехранбени производи и ќе ја задолжи таа банка да го запре натамошното кредитирање на организацијата на здружен труд која при откупот на земјоделско-прехранбени производи не се придржува кон договорот, и да изврши наплата на кредитите дадени на таа организација за тие намени.

9. Народната банка на Југославија, во согласност со рамките утврдени во точка 2 став 1 одредба под 3 на оваа одлука ќе ги пропише условите за давање кредити на банките од примарната емисија врз подлога на кредитите што банките им ги дале на граѓаните за станбена изградба, купување на станови, изградба и опремување на занаетчиски работилници, земјоделски деловни објекти и други деловни објекти за вршење на редовната дејност на граѓаните, врз основа на дефинитивна продажба на девизи од нивните девизни сметки и девизни штедни влогови.

10. Банките со своите акти за деловната политика ќе обезбедат нивната политика на пласманите да се остварува во согласност со политиката утврдена во точ. 3 и 4 на Одлуката за целите за 1983 година.

Народната банка на Југославија, заедно со народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини, со мерките од точка 4 став 1 на Одлуката за целите за 1983 година, како и со други мерки од својата надлежност ќе обезбеди политиката на пласманите на банките да се остварува во согласност со политиката од став 1 на оваа точка.

Во рамките на политиката од став 1 на оваа точка банките ќе обезбедат соодветна поддршка на јакнењето на залихите кај организациите на здружен труд од областа на прометот заради подобра снабденост на пазарот со основни производи за широка потрошувачка и забавување на растежот на цените на тие производи.

11. Народната банка на Југославија во 1983 година може да пропише стапки на задолжителната резерва на банките кај Народната банка на Југославија во рамките на следните максимални стапки:

1) до 18% на депозити по видување;

2) до 5% на депозити со отказен рок подолг од една година.

Задолжителната резерва нема да се пресметува на средствата на граѓаните кај банките на депозитите и другите средства за станбена изградба кај банките, како ни на другите средства на банките на кои таа резерва не се пресметувала во 1982 година.

12. Заради јакнење на финансиската дисциплина и обезбедување ликвидност на банките, Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини ќе им оневозможат користење на примарната емисија на банките:

1) кои не ги исполнуваат пропишаните минимални општи услови за кредитна способност;

2) кои не ги плаќаат уредно своите обврски во земјата и спрема странство;

3) кои се сметаат како неликвидни и кои не преземаат мерки за отстранување на причините за неликвидност;

4) кои им даваат пласмани на корисниците за кои ќе се утврди дека не ги исполнуваат сите услови за кредитна способност и финансиска дисциплина и дека не ги намируваат своите втасани обврски за порано дадени кредити и други пласмани, како и на корисници кои своите настанати стоковно-парични работи не ги обезбедуваат со инструменти за обезбедување на плаќањето во смисла на Законот за обезбедување на плаќањето меѓу корисниците на општествени средства;

5) кои не обезбедуваат контрола на наменската употреба на пласманите и не преземаат мерки во однос на неуредните должници по втасаните кредити и другите пласмани;

6) кои не ги извршуваат обврските од општествените договори и самоуправните спогодби што се склучени во согласност со точка 10 од Одлуката за целите за 1983 година, како и во согласност со утврдената кредитна политика на републиките и автономните покраини за 1983 година.

13. Средствата на републиките, автономните покраини и општините, депонирани кај народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини во 1983 година можат да се пласираат во согласност со мерките на кредитната политика на републиките и автономните покраини, со тоа што народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини да обезбедат тие пласмани во секоја република односно автономна покраина да се движат во границите на расположливите средства.

14. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 72
17 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Звоне Драган, с. р.

140.

Врз основа на точка 1 од Одлуката за условите за купување на непреработено злато („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/77), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКОВНИОТ КОНТИНГЕНТ ЗА ЗЛАТО ВО ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 1983 ГОДИНА

1. Стоковниот контингент до кој корисниците на злато во 1983 година можат да купуваат непреработено злато од производителите на злато во Југославија или во странство, се определува во височина од 25% од контингентот за злато од 8.368 килограми утврден со Решението за определување на стоковниот контингент за злато во 1982 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/82), со тоа што може да се користи за следните намени и во следните количества:

	— во килограми —
1) за потребите на индустријата	223
2) за потребите за преработка на злато во накит и во други предмети од злато	1.542
3) за заботехнички цели	200
4) за потребите на Олимписките игри во Сараево 1984 година	125
5) за научни цели и за други потреби	2

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 66
24 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

141.

Врз основа на член 16 од Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80, 42/82 и 74/82), во врска со член 17 од Договорот за здружување на дел од средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/82), сојузниот секретар за финансии пропишува

УПАТСТВО

ЗА ИЗМЕНА НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА НА ФОНДОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ШТО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ГИ ЗДРУЖУВААТ ВО ЗАЕДНИЧКИТЕ ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ СО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ОД СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ РЕПУБЛИКИ И СОЦИЈАЛИСТИЧКА АВТОНОМНА ПОКРАИНА КОСОВО

1. Во Упатството за начинот на евидентирање на дел од постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини што организациите на здружен труд ги здружуваат во заедничките програми за развој со организациите на здружен труд од стопански недоволно развиените републики и Социјалистичка Автономна Покраина Косово („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/83) точка 5 се менува и гласи:

„5. Извештајот од точка 1 на ова упатство за I, II, III и IV тримесечје на тековната година се доставува до 25-ти во месецот за изминатото тримесечје.

Извештајот за IV тримесечје ги опфака и податоците за средствата што, врз основа на склучената самоуправна спогодба за здружување на трудот и средствата, односно врз основа на договорот на републиките и автономните покраини, се признаваат за тековната година, а што ќе бидат уплатени во наредниот период во согласност со одредбата од член 5 став 1 на Законот за постојаните средства на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на сопански недоволно развиените републики и автономни покраини во периодот од 1981 до 1985 година. Со извештајот за IV тримесечје се доставува и копија на таа самоуправна спогодба односно договор со кој е предвиден друг рок за здружување на средствата.

Извештајот од точка 1 на ова упатство за тековниот период ги опфака и сите евентуални промени што настанале во однос на податоците што ги содржи извешајот за претходниот период. Средствата по обврската од став 2 на оваа точка не се искажуваат во тримесечните извештаи за годината во која се уплатени."

2. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6-844/3
18 февруари 1983 година
Белград

Сојузен
секретар за финансии,
Јоже Флорјанчич, с. р.

142.

Врз основа на член 296 став 4 и член 251 став 2 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82 и 61/82), во согласност со сојузниот секретар за финансии, директорот на Сојузната управа за царини издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗЛЕГУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ РАБОТНИК ЗАРАДИ СМЕСТУВАЊЕ НА СТОКИ ПОД ЦАРИНСКИ НАДЗОР И ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД МЕСТОТО, ОДНОСНО ПРОСТОРИИТЕ ИЛИ ПРОСТОРИТЕ ВО КОИ ЦАРИНАРНИЦАТА РЕДОВНО ВРШИ ЦАРИНСКИ НАДЗОР И ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКИ

1. Во Наредбата за Тарифата на трошоците за излегување на царинскиот работник заради сместување на стоки под царински надзор и царинење на стоки надвор од местото, односно просториите или просторите во кои царинарницата редовно врши царински надзор и царинење на стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/76) во точка 2 став 1 бројот: „100" се заменува со бројот: „500".

2. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. Д-936/1
21 февруари 1983 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за царини,
Звонко Пошчик, с. р.

143.

Врз основа на член 40 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/76 и 74/80), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ВЛАГОМЕРИ ЗА ЗРНА НА ЖИТА И ЗА СЕМКИ НА МАСЛОДАЈНИ КУЛТУРИ

I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат влагомерите за зрна на жита и за семки на маслодајни култури (во натамошниот текст: влагомерите).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS.GV-(1,2)/1.

Член 2

Под влагомер, во смисла на овој правилник, се подразбира уред со кој се определува содржината на вода во зрната на жита, односно содржината на вода и на испарливи супстанции во семките на маслодајни култури (во натамошниот текст: содржината).

Член 3

Принципот на работата на влагомерите се заснова врз мерење на некоја физичка големина што непосредно или посредно зависи од содржината.

Според принципот на работата, влагомерите можат да се поделат на уреди кои мерат:

1) промена на масата при сушење;

2) електрична отпорност или електрична спроводливост;

3) електрична капацитивност.

Член 4

Долунаведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) содржина е намалување на масата кое настанува со сушење на мостра на зрна на жита, односно на семки на маслодајни култури под определени услови, а се изразува во масени проценти според равенката:

$$\frac{m_1 - m_2}{m_1} \times 100$$

каде што е: m_1 — маса на мострата пред сушењето;
m_2 — маса на мострата по сушењето;

2) табела за претворање е секоја табела, сметачка линејка, график или дијаграм кој се користи за определување на содржината, тргнувајќи од вредноста што се искажува на влагомерот кога тој не содржи уред за избирање на видови;

3) корекциона табела е секоја табела, сметачка линејка, график или дијаграм кој се користи за определување на содржината тргнувајќи од вредноста искажана на влагомерот кога таа вредност, под влијание на факторите кои влагомерот не ги контролира автоматски, се разликува од вистинската вредност при референтни услови (на пример, температурата или влажноста на средината во која се врши мерењето);

4) договорна скала е аналогна показна скала на влагомерот од која мерените вредности се добиваат со посредство на табели за претворање (вредностите искажани на таа скала се без димензии);

5) уред за избирање на видовите на зрна или семки е уред кој овозможува дотерување на влагомерот така што на неговата скала непосредно да се појавува вистинската вредност на содржината на мерениот вид зрна или семки;

6) мерен сад е сад во кој се става определена маса на мерената мостра;

7) контролна вредност е покажување на влагомерот кое е резултат од симулација на мерењето.

II. Својства на конструкцијата

Член 5

Конструкцијата на влагомерот мора да биде таква што да овозможува негово непречено користење и едноставно ракување, како и негово дотерување, затворање и жигосување.

Член 6

Деловите на влагомерот мораат да бидат изработени од материјал кој гарантира постојаност под определени услови на користење (мерење).

Член 7

Кукиштето на влагомерот мора да биде цврсто и изработено така што деловите на уредот да бидат заштитени од надворешни удари, прав и влага.

Член 8

Влагомерите можат да се напојуваат со струја од мрежа или батерии.

Влагомерите што се напојуваат од батерии мораат да имаат уред кој реагира и сигнализира кога напонот на батериите ќе ја достигне границата под која мерењето може да биде неточно, односно кога е потребно батериите повторно да се наполнат или да се заменат со нови.

Член 9

Влагомерите што се напојуваат од мрежа не смеат да бидат осетливи на промени од ± 10% од номиналниот напон и од ± 2% од номиналната фреквенција на електричното напојување.

Ако промените на напонот се такви да предизвикуваат отстапување од вистинската вредност на содржината поголемо од 0,2%, мора да се појави светлосен сигнал како предупредување.

Член 10

Влагомерите мораат да бидат конструирани така што да бидат неосетливи на надворешно магнетно поле во граници од ± 0,2% од содржината.

Член 11

Уредот за дотерување на мерниот дел на влагомерот мора да биде така конструиран што сите дејствија, случајни или намерни, да бидат тешко изводливи и јасно видливи.

Член 12

Влагомерите што работат врз принцип на мерење на промената на масата на мострата при сушење мораат да имаат уред за сушење со греење и уред

за мерење на масата и мораат да ги исполнуваат следните услови:

1) масата на мострата што се мери не смее да биде помала од 5 g;

2) садовите за сушење и тасовите на вагата мораат да бидат изработени од материјал кој е отпорен на корозија и кој не апсорбира влага;

3) максималните отстапувања на температурата во сушилницата, што ја пропишува производителот, не смеат да влијаат врз точноста на мерењето на содржината;

4) кога процесот на мерење на содржината не е автоматски, завршетокот на сушењето мора да биде означен со звучен или светлосен сигнал.

Член 13

Ако се во прашање влагомери чиј принцип на мерење не се заснова врз сушење со греење, мора да се овозможи определување на контролната вредност со која се потврдува точноста на мерниот дел на влагомерот.

Определување на контролната вредност мора да биде можно и кога не постои мостра на зрна или семки, а што се постигнува со симулирање на мерење.

Член 14

Ако влагомерот има уред за дотерување на нулата на инструментот, тој уред мора да му биде пристапен на корисникот, а ракувањето со него — јасно видливо.

Член 15

Влагомерите можат да имаат посредно или непосредно покажување или обете покажувања на содржината.

Член 16

Влагомерите со индиректно покажување имаат договорна скала и мораат да бидат снабдени со табели за претворање за секој вид зрна или семки за кој влагомерот е наменет.

Член 17

Ако при определувањето на содржината е неопходна употреба на табели за претворање и на корекциони табели, мораат да бидат исполнети и следните услови:

1) за сите табели што се користат со определен влагомер мора да постои одобрение од Сојузниот завод за мери и скапоцени метали;

2) производителот на влагомерот мора на видно место, најдобро до скалата на влагомерот, да постави забелешка за задолжителна употреба на табели;

3) кон влагомерот мора да биде приложено јасно и подробно упатство за употреба на табелите од овој член.

Член 18

Кога влагомерите непосредно, без користење на табели за претворање, ја покажуваат содржината и кога имаат уред за бирање на видови на зрна или семки, уредот мора да биде така конструиран што во текот на мерењето да биде оневозможено ракување со него.

Сите дејствија на уредот за бирање на видовите, како и ознаката на видот на зрната или семките што се мерат, мораат да бидат видливи.

Член 19

Резултатот од мерењето може да биде искажан непосредно како содржина во масени проценти, и тоа:

1) на скалата со стрелка;

2) преку нулевиот инструмент;

3) дигитално.

Член 20

Ако непосредно покажување на резултатот од мерењето се добива за разни видови зрна и семки со вметнување на соодветни бројници, тие бројници при мерењето мораат да заземаат секогаш иста, со конструкцијата определена положба.

Член 21

На влагомерот со скала цртите на поделбата мораат да бидат танки и со еднаква дебелина, со тоа што цртите на поделбата што одговараат на цели вредности на содржината мораат да бидат подолги и означени со броеви.

Член 22

Широчината на поделокот на скалата на влагомерот мора да изнесува најмалку 1,25 mm, а вредноста на поделокот може да изнесува 0.1%; 0,2% или 0,5%.

Член 23

Стрелката на скалата на влагомерот мора да биде јасно видлива, а нејзината дебелина не смее да биде поголема од четвртина од широчината на поделокот.

Слободниот крај на стрелката мора да покажува најмалку една третина од најкратките црти на поделбата.

Член 24

Влагомерите со дигитално покажување мораат измерената вредност да ја покажуваат со цифри кои се сукцесивно наредени во ист ред и чија височина мора да изнесува најмалку 10 mm, било покажувањето на содржината да е непосредно или посредно.

Ако влагомерот има договорна скала, сите вредности што се појавуваат на дигиталниот уред мораат да се наоѓаат и во табелите за претворање.

Член 25

Влагомерите можат да имаат и уред за печатење на резултатот од мерењето, кој мора да биде или вграден во влагомерот или сместен во неговата близина.

Резултатот од мерењето мора да биде отпечатен и заокружен на вредноста на најблискиот поделок.

Отпечатениот резултат од мерењето мора да биде ист како и вредноста на покажувачкиот уред, ако тој уред е нумерички.

Член 26

Ако влагомерот има уред за избирање на видови на зрна или семки, на картичката мораат да бидат отпечатени, покрај резултатите од мерењето, ознаки на видовите на зрна или семки.

Член 27

Печатење на резултатите не смее да биде можно пред завршетокот на мерењето.

Член 28

Влагомерот мора да има сигнален уред кој укажува на евентуално погрешно ракување.

Член 29

Начинот и местото на ставање на жигот се определува за секој вид влагомер посебно при типското испитување, со оглед на конструкцијата на самиот влагомер.

Член 30

Со конструкцијата на влагомерите мораат да бидат предвидени места за втиснување на жигови без чие уништување не можат да се изведат зафати со кои може да се влијае врз метролошките особини на влагомерите.

III. Мернотехнички особини

Член 31

Влагомерите можат да имаат:

1) мерен опсег од 0% до 100%;

2) ограничен мерен опсег, зависно од видот на зрната или семките чија содржина ја мерат.

Член 32

Границите на допуштената грешка при типското испитување што се врши под референтни услови се:

а) за влагомер од класа I:

1) за зрна на жита, освен пченка, ориз и просо, како и за семки на маслодајни култури, освен сончоглед:

— ± 0,3 масени проценти — ако содржината е помала или еднаква на 10%;

— ± 3 стоти дела од содржината — ако содржината е поголема од 10%;

2) за пченка, ориз просо и сончоглед:

— ± 0,4 масени проценти — ако содржината е помала или еднаква на 10%;

— ± 4 стоти дела од содржината — ако содржината е поголема од 10%;

б) за влагомери од класа II:

1) за зрна на жита, освен пченка, ориз, просо, како и за семки на маслодајни култури, освен сончоглед:

— ± 0,4 масени проценти — ако содржината е помала или еднаква на 10%;

— ± 4 стоти дела од содржината — ако содржината е поголема од 10%;

2) за пченка, ориз, сирак и сончоглед:

— ± 0,5 масени проценти — ако содржината е помала или еднаква на 10%;

— ± 5 стоти делови од содржината — ако содржината е поголема од 10%.

Границите на допуштената грешка при типското испитување и при првиот преглед, со влијателните фактори, се добиваат со зголемување за 0,2% во однос на грешките пропишани со став 1 од овој член.

Границите на допуштената грешка при повремените прегледи се добиваат со зголемување за 0,4% во однос на грешките пропишани со став 1 од овој член.

IV. Натписи и ознаки

Член 33

Натписите и ознаките на влагомерот мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и напишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Натписите и ознаките на влагомерот мораат да бидат напишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

На влагомерот мораат да бидат напишани:

1) фирма, односно назив или знак на производителот;

2) назив „влагомер" и тип на влагомерот;

3) службена ознака на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали, ако влагомерот е типски испитан;

4) фабрички број и година на прозводството;

5) видовите на жита што можат да се испитуваат со влагомерот;

6) мерна несигурност;

7) мерен опсег;

8) извор на напојување.

V. Завршна одредба

Член 34

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-33-430/1
17 јануари 1983 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали,
Милисав Бојчиќ, с. р.

144.

Врз основа на член 32 став 1 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/77 и 11/80), во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за земјоделство и претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, директорот на Сојузниот завод за стандардизација издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗМЕЛУВАЊЕ НА ПЧЕНИЦАТА

1. Во Наредбата за начинот на измелување на пченицата („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/82) точка 1 се менува и гласи:

„1. Преработувачите на пченица се должни да вршат измелување на пченицата така што од 100 kg пченица со 1,80% пепел, 2% примеси и 13% влага да се добие најмалку 80 kg брашно со следната структура: крупно мелено брашно од типот 400 и бело брашно од типот 500 во количество од 27%; брашно од типот 850 со содржина на пепел од 0,800 до 0,900% и со степен на киселост до 3,2 во количество од 53 kg."

2. По точка 4 се додава нова точка 4а, која гласи:

„4а. Оваа наредба се применува и врз измелувањето на пченица при вршењето услуги за мелење на пченица на граѓаните."

3. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 50-3693/4
18 февруари 1983 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
Вукашин Драгоевиќ, с. р.

145.

Врз основа на член 18 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), во врска со чл. 42 до 54 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/78 и 15/80), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Народната банка на Југославија ќе издава благајнички записи на начинот и под условите што се предвидени со оваа одлука.

2. Благајничкиот запис од точка 1 на оваа одлука содржи: ознака дека тоа е благајнички запис, назив и седиште на издавачот на благајничкиот запис, ознака дека благајничкиот запис гласи на доносител, паричен износ на кој благајничкиот запис гласи, каматна стапка од 20% годишно наназад, рок на отплатувањето на главницата и каматата од 91 ден до една година, место и датум на издавање и сериски број на благајничкиот запис, права на имателот на благајничкиот запис и факсимил на потписот на гувернерот на Народната банка на Југославија.

Благајничките записи од став 1 на оваа точка се издаваат до вкупен износ од 10.000,000.000, а во апоени од 500.000; 2,000.000; 10,000.000 и 20,000.000 динари.

3. Основните банки и здружените банки можат да ги запишуваат благајничките записи од точка 2 на оваа одлука кај народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини до 31 декември 1985 година.

4. Обврските од благајничките записи издадени според одредбите на оваа одлука ги извршуваат народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини на барање од основните банки и здружените банки во рокот на втасувањето на тие записи и тоа со исплата на главницата и на каматата која се смета од денот на запишувањето до денот на втасувањето на тие записи.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"

О. бр. 17
21 февруари 1983 година
Белград

Го заменува
претседателот на
Советот на гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Миодраг Вељковиќ, с. р.

146.

Врз основа на член 18 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), во врска со чл. 42 до 54 од Законот за хартиите од вредност („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/78 и 15/80), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ БЛАГАЈНИЧКИ ЗАПИСИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за издавање благајнички записи на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 63/78, 63/79, 58/80, 72/81 и 1/83) во точка 3 процентот: „6%" се заменува со процентот: „15%".

2. На благајничките записи запишани до денот на објавувањето на оваа одлука и кои втасуваат за наплата по објавувањето на оваа одлука, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини при исплатата ќе платат камата по стопка од 6% за времето од запишувањето до денот на објавувањето на оваа одлука, а по стапка од 15% за времето од денот на влегувањето во сила на оваа одлука до рокот на втасувањето на тие записи.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 18
21 февруари 1983 година
Белград

Го заменува
претседателот на
Советот на гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Миодраг Вељковиќ, с. р.

147.

Врз основа на чл. 16 и 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА КУПУВАЊЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ОД СТРАНА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Благајничките записи што ги издала, Народната банка на Југославија ќе ги купува пред нивната втасаност, ако деловната банка поднесе такво барање.

2. Благајничките записи Народната банка на Југославија, во смисла на точка 1 од оваа одлука, ќе ги купува под услов ако од денот на запишувањето на благајничкиот запис изминале најмалку 90 дена.

3. Купувањето на благајничките записи според одредбите на оваа одлука Народната банка на Југославија го врши преку народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 19
21 февруари 1983 година
Белград

Го заменува
претседателот на
Советот на гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Миодраг Вељковиќ, с. р.

148.

Врз основа на член 28 став 2 и член 66 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр 49/76 и 41/81), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СТРУКТУРАТА НА ПЛАСМАНИТЕ СО СТРУКТУРАТА НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА ПО РОЧНОСТ

1. Во Одлуката за усогласување на структурата на пласманите со структурата на изворите на средствата на банките, по рочност („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/81, 51/81, 57/82, 69/82 и 6/83) точка 2 се менува и лгаси:

„2. Под вкупни краткорочни извори на средства, во смисла на точка 1 од оваа одлука, се подразбираат средствата искажани во вкупната краткорочна пасива на билансот на банката, намалени за средствата за станбена изградба, а под вкупни краткорочни пласмани се подразбираат пласманите искажани во вкупната краткорочна актива на тој биланс."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 20
21 февруари 1983 година
Белград

Го заменува
претседателот на Советот на
гувернерите
заменик-гувернер
на Народната банка на
Југославија,

Миодраг Вељковиќ, с. р.

149.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за основите за системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), Советот на Сојузната заедница за работи на цените пропишува

УПАТСТВО

ЗА СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ЗАВЕРКА НА ЦЕНОВНИЦИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ ШТО ПРВПАТ СЕ ПРОИЗВЕДУВААТ, ОДНОСНО НА УСЛУГИТЕ ШТО ПРВПАТ СЕ ВРШАТ И ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ТИЕ ЦЕНОВНИЦИ ДО СОЈУЗНАТА ЗАЕДНИЦА ЗА РАБОТИ НА ЦЕНИТЕ ЗАРАДИ ЗАВЕРКА

1. Со ова упатство се определува кои податоци ги содржи ценовникот и образложението на ценовникот, која документација се прилага кон ценовникот, како и начинот и роковите во кои основните и други организации на здружен труд, самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници (во натамошниот текст: самоуправните организации и заедници) ќе доставуваат до Сојузната заедница за работи на цените ценовник за производите што првпат се произведуваат, односно за услугите што првпат се вршат и за нови производи што се резултат од домашната научноистражувачка и развојна работа, заради заверка.

2. Ценовникот од точка 1 на ова упатство содржи:

1) назив на производите, односно на услугите со краток опис на основните техничко-технолошки и комерцијални карактеристики;

2) единица на мера;

3) продажна цена на производите, односно на услугите, со назначување на видот на цената (производителска, големопродажна, малопродажна);

4) услови на продажбата: место и начин на испораката (франко производител, франко натоварено во местото на производителот, франко купувач, франко растоварено во местото на купувачот, франко склад на купувачот и сл.), начин на пресметка на амбалажата со назначување дали амбалажата е повратна или не, височина и начин на пресметка на ризикот за непродадените стоки;

5) износ на учеството за покритие на трошоците на прометот, содржан во малопродажната односно големопродажната цена.

3. Образложението треба да содржи податоци од кои се гледа дека цените од ценовникот се формирани со примена на критериумите за формирање на цените, односно дека се формирани во согласност со Упатството за применување на критериумите за формирање на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/81).

4. Кон ценовникот и образложението, самоуправните организации и заедници ја доставуваат до Сојузната заедница за работи на цените следната документација, и тоа:

1) докази од кои се гледа дека е во прашање нов производ што е резултат од домашната научноистражувачка и развојна работа во смисла на Одлуката за определување што се смета како нови производи кои се резултат од домашната научноистражувачка и развојна работа („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/80).

Како доказ дека е во прашање нов производ што е резултат од домашната научноистражувачка и развојна работа служи решението на Сојузниот завод за патенти со кое е признат патентот, моделот или мострата.

Како доказ дека е во прашање нов производ што е резултат од домашната научноистражувачка и развојна работа а што не претставува пронајдок заштитен со патент односно модел или мостра заштитена во согласност со Законот за заштита на пронајдоци, технички унапредувања и знаци за разликување („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/81) служи потврдата од организацијата на здружен труд што врши научноистражувачка дејност како своја основна дејност, како и мислењето на соодветното општо здружение на Југославија во кое се здружени производителите на тој производ или вршителите на услугите и на соодветното општо здружение на Југославија во кое се здружени потрошувачите на тој производ.

За лекови што се нови производи а што се резултат од домашната научноистражувачка и развојна работа, како доказ дека е во прашање нов производ, покрај доказот од одредбата под 1 на оваа точка, се доставува и решението на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална политика за пуштање на лекот во промет;

2) докази од кои се гледа е во прашање производ што првпат се произведува односно услуга што првпат се врши а не е резултат од домашната научноистражувачка или развојна работа.

Како доказ дека производот првпат се произведува, односно дека услугата првпат се врши во Југославија служи мислењето на соодветното општо здружение на Југославија во кое се здружени производителите на тој производ или вршителите на услугите и на соодветното општо здружение на Југославија во кое се здружени потрошувачите на тој производ или корисниците на услугите.

Како доказ за самоуправната организација или заедница, дека е во прашање нов производ што веќе се произведува, односно услуга што се врши во

земјата служи мислењето на соодветното општо здружение на Југославија во кое се здружени производителите на тој производ или вршителите на услугите.

Како доказ дека е во прашање нов производ, односно услуга, што е сличен односно сроден со постојните производи односно услуги на единствениот југословенски пазар, служи мислењето на соодветното општо здружение на Југославија во кое се здружени производителите на тој производ или вршителите на услугата и на соодветното општо здружение на Југославија во кое се здружени потрошувачите на тој производ или корисниците на услугата и на организацијата на здружен труд која веќе произведува сличен или сроден производ односно врши слична или сродна услуга, а за производите од договор за долгорочна производствена кооперација со странство служи и каталогот и техничката документација на странското правно или физичко лице.

За лекови, како доказ дека е во прашање производ што првпат се произведува, покрај доказот од одредбите под 2 на оваа точка, се доставува и решението на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална политика за пуштање на лекот во промет;

3) доказ дека цените од ценовникот се формирани најмногу до нивото на цените на исти или слични односно сродни производи или услуги што постоеле на денот на влегувањето во сила на Одлуката за определување на највисокото ниво на цените за сите производи и услуги.

Како доказ дека е во прашање цена на ист, сличен односно сроден производ односно услуга служи податокот за постојната цена на истиот производ односно услуга на друг производител односно вршител на услугата, или податокот за постојната цена на сличен или сроден производ, односно услуга, со тоа што да се назначи и називот на таквиот производ односно услуга, со краток опис на основните технолошко-технички и комерцијални карактеристики и називот на неговиот производител односно на вршителот на услугите.

Како податок за постојаната цена се смета потврдата на надлежната заедница за работи на цените на ниво на цените на ист односно сличен или сроден производ односно услуга (копија на заверениот ценовник, известување за цените заради следење, копија на решението и сл.);

4) одлука од овластениот орган на самоуправната организација и заедница за формирање на цените на производите и услугите.

Самоуправните организации и заедници, кон доказите под 1, 2, 3 и 4 на оваа точка, доставуваат и потврда за квалитетот, во смисла на член 8 став 4 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/77 и 11/80).

Сојузната заедница за работи на цените може по потреба да побара и мислење од Сојузниот завод за стандардизација или од организацијата на здружен труд што заводот ја овластил, дали производот им содветствува на карактеристиките на квалитетот во согласност со одредбите од став 2 на оваа точка.

5. Ценовникот, со образложението и со соодветната документација, се доставува, во два примерока, до Сојузната заедница за работи на цените и, во еден примерок, до надлежната републичка односно покраинска заедница за работи на цените, непосредно или по пошта препорачано.

Ако ценовникот не содржи образложение и документација (податоци од точ. 2, 3 и 4, односно точка 5 на ова упатство), Сојузната заедница за работи на цените ќе ја повика самоуправната организација или заедница да го дополни ценовникот во рок од 15 дена од денот на приемот на поканата на таа заедница за дополнение на ценовникот.

Ако самоуправната организација или заедница не го дополни ценовникот, образложението и документацијата во рокот од став 1 на оваа точка, ќе се смета дека ценовникот не е ни поднесен, за што Сојузната заедница за работи на цените ќе донесе соодветен управен акт согласно со член 63 од Законот за општата управна постапка („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/78 — Пречистен текст).

Ако ценовникот и документацијата се доставени во согласност со ова упатство, Сојузната заедница за работи на цените ќе го завери ценовникот или ќе донесе негативно решение, во согласност со Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените.

6. Одредбите од ова упатство, согласно со член 10 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените сообразно се применуваат и на други учесници во прометот на производи и услуги.

7. За ценовниците што самоуправните организации и заедници до денот на влегувањето во сила на ова упатство ги поднеле до Сојузната заедница за работи на цените заради заверка, постапката ќе се оконча според одредбите од Упатството за содржината на барањето за заверка на ценовниците на производите што првпат се произведуваат, односно на услугите што првпат се вршат и за доставување на тие ценовници до Сојузната заедница за работи на цените, заради заверка („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/82).

8. Со денот на влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за содржината на барањето за заверка на ценовниците на производите што првпат се произведуваат, односно на услугите што првпат се вршат и за доставување на тие ценовници до Сојузната заедница за работи на цените, заради заверка („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/82)

9. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2394/1
16 февруари 1983 година
Белград

Претседател
на Советот на Сојузната
заедница за работи на
цените,
Раде Тодовиќ, с. р.

150.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ Сојузниот извршен совет, извршните совети на собранијата на републиките, извршните совети на собранијата на автономните покраини, Стопанската комора на Југославија, стопанските комори на републиките, стопанските комори на автономните покраини, Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство, самоуправните интересни заедници за економски односи со странство на републиките и самоуправните интересни заедници за економски односи со странство на автономните покраини, склучуваат

ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДЕВИЗИ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПРИОРИТЕТЕН УВОЗ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ, ОДНОСНО НА СУРОВИНИ ЗА ПИВНО ПРОИЗВОДСТВО ВО 1983 ГОДИНА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ЈУГОСЛОВЕНСКИ ПАЗАР

Член 1

Учесниците на овој општествен договор (во натамошниот текст: учесниците на Договорот) се согла-

сни девизите што се издвојуваат според одредбите на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист СФРЈ", бр. 15/77, 61/82 и 77/82) — (во натамошниот текст: Законот), за плаќање на приоритетен увоз на определени производи односно на суровини за нивно производство и на најнеопходни резервни делови за 1983 година на единствениот југословенски пазар да се обезбедуваат и користат под условите и на начинот што се предвидени со овој општествен договор, и тоа за:

1) суровини за производство на лекови за хумани и ветеринарски потреби, суровини за производство на медицински материјали и суровини за производство на детска храна и готови лекови што не се произведуваат во земјата или што се произведуваат во недоволни количини;

2) суровини за производство на детергенти;

3) суровини за производство на вештачки ѓубриња, најнеопходни количини на репродукциони материјали, готови ѓубриња и средства за заштита на растенијата;

4) рибино брашно, месно брашно, обрано млеко во прав, адитиви за сточарството и храна за рибина младенка;

5) шеќер;

6) сурово кафе.

За другите производи од витално значење за снабдување на населението(масло за јадење, пченица, путер, лимон, соја и соина сачма), девизи за увоз се обезбедуваат по пат на стоковни кредити, компензациони работи и други извори, што се уредува со посебни мерки, договори и самоуправни спогодби.

Член 2

Учесниците на Договорот се согласни дека за потрајно решение на проблемите во снабдувањето на домашниот пазар е неопходно навремено да се преземаат мерки за зголемување на производството, пред сé во земјоделството, за подобро организирање и функционирање на единствениот југословенски пазар и за договарање на производство и испорака пред почетокот на процесот на производство. За редовно и рамномерно снабдување со производи од посебен интерес за населението се одговорни организациите на здружен труд и општествено-политичките заедници.

Учесниците на Договорот се согласни дека е неопходно билансниот дефицит исклучително во 1983 година да се надмине со увоз на најнеопходните количини, односно со обезбедување на соодветни девизи за плаќање увоз, со оглед на тоа дека расположливите стоковни фондови на производите од посебно значење за населението во 1983 година не се доволни за да обезбедат редовно и рамномерно снабдување на домашниот пазар до втасувањето на ново производство.

Член 3

Стопанската комора на Југославија, стопанските комори на републиките и стопанските комори на автономните покраини, како учесници на Договорот, се согласни да даваат иницијатива за склучување на самоуправни спогодби меѓу организациите на здружен труд — производители во рамките на соодветните општи здруженија на ниво на Југославија, кои во своето производство користат суровини и други прозиводи од член 1 на овој општествен договор и потрошувачите на односните стоки, со кои ќе се регулираат основите за усогласување на меѓусебните односи на непосредно заинтересираните организации, а ќе се преземат и обврски во поглед на испораката, количините и динамиката на снабдувањето.

Со самоуправните спогодби од став 1 на овој член, заинтересираните организации на здружен труд на единствениот југословенски пазар ги уредуваат односите во преземањето на меѓусебните обврски во поглед на количините и динамиката на снабдувањето, како и правата и обврските во поглед на користењето девизи, одговорноста за извршување на преземените обврски и заедничкиот ризик.

Со самоуправната спогодба од став 1 на овој член ќе се утврдат количините на суровините и производите од член 1 на овој општествен договор, што организациите на здружен труд се должни да ги произведуваат и да им ги испорачуваат на корисниците на стоки на единствениот југословенски пазар.

Член 4

Учесниците на Договорот се согласни да му се предложи на Собранието на СФРЈ со Одлуката за дополнение на Одлуката за заедничката девизна политика на Југославија за 1983 година, странските средства на плаќање што ќе се окупат на менувачниците за ефективни динари да се распоредат така што Народната банка на Југославија со пренос на посебна сметка кај определени овластени банки (во натамошниот текст: определени овластени банки), што договорно ќе ги изберат овластените банки за работи со странство заедно со заинтересираните организации на здружен труд во соодветните општи здруженија на ниво на Југославија и во Здружението на банките на Југославија, на организациите на здружен труд од овој општествен договор да им обезбеди износ од 300,000.000 долари во конвертибилни девизи за плаќање увоз на производи и суровини за нивно производство од член 1 на овој општествен договор, според утврдените намени.

Народната банка на Југославија ќе ги обезбедува девизите од став 1 на овој член според динамиката на приливот на девизи од откуп на менувачниците.

Учесниците на Договорот се согласни дека заради реализација на овој општествен договор ќе преземаат и предлагаат и други дополнителни мерки за неговата реализација, а посебно мерки што овозможуваат премостување на неусогласеноста во динамиката на неидентификуваниот девизен прилив и потребите за увоз на производи од член 1 на овој општествен договор.

Девизите од овој член организациите на здружен труд можат да ги користат само под услов да се исполнети обврските од самоуправните спогодби според член 3 на овој општествен договор.

Учесниците на Договорот се согласни најдоцна до септември 1983 година да предложат додатни извори на девизи доколку не се обезбеди износот од став 1 на овој член поради недоволен откуп на менувачниците.

Член 5

Учесниците на Договорот се согласни при користење стоковни кредити за увоз на репродукциони материјали во 1983 година да се обезбеди приоритет за суровините за производство на приоритетните производи од член 1 на овој општествен договор.

Член 6

Учесниците на Договорот се согласни дека организациите на здружен труд кои во своето производство за снабдување на домашниот пазар, а врз основа на самоуправните спогодби од член 3 став 1 на овој општествен договор, користат суровини од увоз за производство на лекови за хумани и ветеринарски потреби, на медицински материјали и детска храна, согласно со член 69а од Законот можат

да го користат целокупниот износ на девизите од остварениот прилив во конвертибилни девизи по издвојувањето на дел од девизите во смисла на член 81 од Законот за измени и дополненија на Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82), Одлуката за утврдување на процентот на издвојувањето на конвертибилни девизи за потребите на федерацијата за 1983 година остварен по основ на извоз на стоки и услуги („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82) и Уредбата за изворите и динамиката на издвојување девизи за плаќање на увозот на нафта, деривати на нафта и јаглен за коксирање од конвертибилното подрачје во првото тримесечје на 1983 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/82).

За плаќање увоз на готови лекови за хумани и ветеринарски потреби и на медицински материјали, што не се произведуваат во земјата или се произведуваат во недоволни количини, дел од девизите на организациите на здружен труд ќе им обезбеди Народната банка на Југославија преку определени овластени банки до износот од 25.000.000 долари во конвертибилни девизи од средствата што се издвојуваат според прописите наведени во член 4 на овој општествен договор.

Девизите за плаќање увоз на суровини од став 1 на овој член на организациите на здружен труд им ги обезбедува Народната банка на Југославија преку определени овластени банки до износот од 70,000.000 долари во конвертибилни девизи од средствата што се издвојуваат според прописите наведени во член 4 на овој општествен договор.

Со самоуправната спогодба од член 3 став 1 на овој општествен договор ќе се утврди кој дел од девизите организациите на здружен труд ќе можат да го користат од износот од ст. 2 и 3 на овој член.

Член 7

Учесниците на Договорот се согласни дека организациите на здружен труд кои во своето производство за снабдување на домашниот пазар, а врз основа на самоуправните спогодби од член 3 став 1 на овој општествен договор, користат од увоз суровини за производството на детергенти, односно основни суровини за производство на репродукциони материјали и детергенти, согласно со член 69а од Законот можат да го користат целокупниот износ на девизите од остварениот прилив во конвертибилни девизи по издвојувањето на дел од девизите што се издвојуваат по прописите наведени во член 6 на овој општествен договор.

Девизите за плаќање увоз на суровини од став 1. на овој член на организациите на здружен труд им ги обезбедува Народната банка на Југославија преку овластена банка до износот од 70,000.000 долари во конвертибилни девизи од средствата што се издвојуваат според прописите наведени во член 4 на овој општествен договор.

Со самоуправната спогодба од член 3 став 1 на овој општествен договор ќе се утврди кој дел од девизите организациите на здружен труд ќе можат да го користат од износот од став 2 на овој член.

Член 8

Учесниците на Договорот се согласни организациите на здружен труд кои во своето производство за снабдување на домашниот пазар, а врз основа на самоуправните спогодби од член 3 став 1 на овој општествен договор, користат суровини и најнеопходни репродукциони материјали од увоз за производство на вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата да можат согласно со член 69а од Законот да го користат целокупниот износ на девизи од остварениот девизен прилив по издвојувањето на дел од девизите според прописите наведени во член 6 на овој општествен договор.

Организациите на здружен труд од став 1 на овој член можат да користат девизи што се обезбедуваат со издвојување односно со наменско насочување во височина од 28% од остварениот прилив во конвертибилни девизи по основ на извоз на земјоделско-прехранбени производи, тутн и тутунски производи, шумски плодови, лековити растенија (освен делот што го извезуваат организациите на здружен труд од фармацевтската индустрија и од индустријата на детергенти), алкохолни и безалкохолни пијачки,освен од извозот на добиток и добиточни производи и свежа риба.

Од делот на девизите што се издвојуваат во смисла на став 2 од овој член, за производство на вештачки ѓубриња ќе се користат 20%, а за производство на средства за заштита на растенијата 8%.

Со самоуправната спогодба од член 3 на овој општествен договор организациите на здружен труд од став 1 на овој член ќе се договарат за учество во користењето на средствата издвоени според одредбата на став 2 од овој член и за насочување на суровините од увоз на организациите на здружен труд.

Учесниците на Договорот се согласни дека најдоцна до крајот на април 1983 година ќе го разгледаат целокупното функционирање на системот на обезбедување девизни средства за намените од член 8 на овој општествен договор и ќе предложат начин на обезбедување на девизите што недостигаат за увозот на суровини и на потребните репродукциони материјали за производство на вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата.

Член 9

Учесниците на Договорот се согласни девизите за плаќање увоз на рибино брашно, месно брашно, обрано млеко во прав, адитиви за сточарството и храна за рибина младенка да се обезбедат согласно со самоуправната спогодба што за тоа ќе ја склучат организациите на здружен труд кои извезуваат добиток и добиточни производи и што се занимаваат со производство и увоз на наведените производи во рамките на Стопанската комора на Југославија, односно во Општото здружение на земјоделството и прехранбената индустрија на Југославија, по пат на издвојување 15% од девизниот прилив од извоз на добиток и добиточни производи и свежа риба и наменски да се користат за плаќање на увозот на тие производи.

За плаќање на производите од став 1 на овој член организациите на здружен труд — корисници на тие производи, ќе ги користат и девизите во износ од 60,000.000 долари во конвертибилни девизи од средствата што се издвојуваат според прописите наведени во член 4 на овој општествен договор.

Со самоуправната спогодба од член 3 став 1 на овој општествен договор ќе се утврди кој дел од девизите организациите на здружен труд ќе можат да го користат од износот од став 2 на овој член.

Член 10

Учесниците на Договорот се согласни девизите за плаќање увоз на потребните количини шеќер да се обезбедат најмногу до износ од 20,000.000 долари во конвертибилни девизи од средствата што се издвојуваат според прописите наведени во член 4 на овој општествен договор.

Девизите од став 1 на овој член можат да се користат за плаќање увоз на потребните количини шеќер, само ако организациите на здружен труд што се занимаваат со увоз и производство на шеќер склучат самоуправна спогодба за единствен настап на странскиот пазар и за снабдување на единствениот југословенски пазар со тој производ.

Член 11

Учесниците на Договорот се согласни девизи за увоз на 40% потребните количини сурово кафе да се обезбедат најмногу до износ од 55,000.000 долари во конвертибилни девизи од средствата што се издвојуваат според прописите наведени во член 4 на овој општествен договор, а за увоз на другите 60% девизи обезбедуваат организациите на здружен труд кои се занимаваат со увоз и преработка на кафе, вклучувајќи ги и компензационите и другите аранжмани.

Девизите од став 1 на овој член можат да се користат за плаќање увоз на сурово кафе само ако организациите на здружен труд кои се занимаваат со увоз и преработка на кафе склучат самоуправна спогодба во рамките на Одборот за кафе при Општото здружение за земјоделство и прехранбена индустрија на Југославија, со која ќе се обезбеди единствен настап на странскиот пазар при купувањето на сурово кафе и при снабдувањето на единствениот југословенски пазар со овие производи и во согласност со член 3 на овој општествен договор.

Член 12

Увоз на производите од член 1 на овој општествен договор односно на суровини за нивно производство, може да се врши по пат на компензациони работи и работи по кои се врши наплата на побарувањата, на начинот што ќе го утврди Сојузниот извршен совет.

Член 13

Учесниците на Договорот се согласни девизите што се остваруваат за плаќање увоз во смисла на овој општествен договор да се користат само за намените утврдени со овој општествен договор и додатните девизи, што се издвојуваат според прописите наведени во член 4 на овој општествен договор, да се користат само заедно со сопствените девизи, вклучувајќи го и извозот по компензационите работи.

Член 14

Учесниците на Договорот се согласни заради следење на спроведувањето на овој општествен договор и заради преземање активности и давање објасненија на одделни негови одредби да се формира координационо тело од претставници на Сојузниот секретаријат за пазар и општи стопански работи, Стопанската комора на Југославија, Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство и по еден делегат од учесниците на овој општествен договор од републиките и автономните покраини.

Координационото тело од став 1 на овој член најдоцна еднаш тримесечно ќе ги известува учесниците на овој општествен договор за извршувањето на овој општествен договор.

Член 15

Овој општествен договор се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Белград, 4 февруари 1983 година

За Сојузниот извршен совет,
Лука Рељик, с. р.
член на Советот

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина,
Вељко Галиќ, с. р.
член на Советот

За Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора,
Момчило Мартиновиќ, с. р.
заменик на републичкиот секретар за стопанство

За Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска,
Богдан Јанков, с. р.,
заменик на претседателот на Републичкиот комитет за стоковен промет

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија,
Дургут Едиповски, с. р.
член на Советот

За Извршниот совет на Собранието на СР Словенија,
Алојз Клеменчич, с. р.
член на Советот

За Извршниот совет на Собранието на СР Србија,
Милош Крстиќ, с. р.
претседател на Републичкиот комитет за односи со странство

За Извршниот совет на Собранието на САП Војводина,
Ленке Бертрон, с. р.
член на Советот

За Извршниот совет на Собранието на САП Косово,
Никол Шкрелји, с. р.
член на Советот

За Стопанската комора на Југославија,
Никола Филиповиќ, с. р.
член на Претседателството

За Стопанската комора на СР Босна и Херцеговина,
Момчило Благовчанин, с. р.
член на Претседателството

За Стопанската комора на СР Црна Гора,
Воислав Кнежевиќ, с. р.
претседател на Претседателството

За Стопанската комора на СР Хрватска,
Бранко Селаковиќ, с. р.
член на Извршниот одбор

За Стопанската комора на СР Македонија,
Ангел Велевски, с. р.
член на Извршниот одбор

За Стопанската комора на СР Словенија,
Руди Кропивник, с. р.
потпретседател на Комората

За Стопанската комора на СР Србија,
Стеван Суша, с. р.
член на Претседателството

За Стопанската комора
на САП Војводина,

Стојан Ташин, с. р.
член на Претседателството

За Стопанската комора
на САП Косово,

Јусуф Зејнулаху, с. р.
член на Претседателството

За Интересната заедница
на Југославија за економски
односи со странство,

Душан Анажиоски, с. р.
претседател

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на СР Босна и
Херцеговина,

Весна Мишиќ, с. р.
виш стручен соработник

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на СР Црна Гора,

Арсение Јовановиќ, с. р.
претседател

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на СР Хрватска,

Владо Јордан, с. р.
помошник секретар

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на СР Македонија,

Морис Шами, с. р.
претседател

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на СР Словенија,

Андреј Сотелска, с. р.
секретар на Извршниот одбор

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на СР Србија,

Раде Чолиќ, с. р.
претседател

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на САП Војводина,

Здравко Мутин, с. р.
претседател

За Самоуправната интересна
заедница за економски односи
со странство на САП Косово,

Новица Меденица, с. р.
претседател

151.

Врз основа на чл. 27, 28, 29 и 30 од Општествениот договор за организирање на воспитување и образование на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/80), Сојузот на самоуправните интересни заедници за основно образование и воспитување на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование на Социјалистичка Република Црна Гора, Сојузот на самоуправните интересни заедници за воспитување и основно образование на Социјалистичка Република Хрватска, Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование на Социјалистичка Република Македонија, Заедницата за образование на Словенија, Републичката заедница за основно образование на Социјалистичка Република Србија, Покраинската самоуправна интересна заедница за образование и воспитување на Социјалистичка Автономна Покраина Косово и Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно образование на Војводина склучуваат

САМОУПРАВНА СПОГОДБА

ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ВОСПИТУВАЊЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА НА ПРИВРЕМЕНА РАБОТА И ПРЕСТОЈ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Тргнувајќи од одредбите на Општествениот договор за организирање на воспитување и образование на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство (во натамошниот текст: Општествениот договор), со кој се утврдени обврските на учесниците на Општествениот договор да го финансираат воспитувањето и образованието на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство, Сојузот на самоуправните интересни заедници за основно образование и воспитување на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование на Социјалистичка Република Црна Гора, Сојузот на самоуправните интересни заедници за воспитување и основно образование на Социјалистичка Република Хрватска, Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование на Социјалистичка Република Македонија, Заедницата за образование на Словенија, Републичката заедница за основно образование на Социјалистичка Република Србија, Покраинската самоуправна интересна заедница за образование и воспитување на Социјалистичка Автономна Покраина Косово и Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно образование на Војводина (во натамошниот текст: учесниците) со оваа спогодба ги утврдуваат:

1) обврските што произлегуваат од чл. 27 и 28 на Општествениот договор по однос на обезбедување финансиски средства за спроведување на воспитувањето и образованието на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство;

2) начинот на кој потписниците ќе го финансираат спроведувањето на воспитувањето и образованието на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство.

Член 2

Учесниците се согласни да обезбедуваат динарски и девизни средства за финансирање на воспитувањето и образованието на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство според критериумите што ги утврдуваат заеднички.

Важноста на оваа спогодба се утврдува за периодот до 1985 година.

Член 3

Учесниците се согласни во согласност со прописите на републиките и автономните покраини да обезбедуваат финансиски средства за:

— личните доходи на наставниците за дополнителна настава за учесниците од основно училишна возраст и за основно образование на возрасните;

— исплата на дел од личните доходи на наставниците;

— придонесите на личните доходи за редовните наставници;

— плаќање на наставниците ангажирани на по еден час;

— еднократна помош за наставниците кои првпат се упатуваат на работа во странство;

— патните трошоци на наставниците што се упатуваат на работа во странство;

— патните трошоци на наставниците кои се враќаат од работа во странство;

— патните трошоци на наставниците кои изведуваат настава во повеќе места во странство;

— патните трошоци и дневниците на наставниците кои организирано и планирано доведуваат ученици во татковината со согласност на учесниците на оваа спогодба;

— учебници за учениците од основно училишна возраст;

— семинари за наставниците во републиките и автономните покраини;

— педагошки надзор во странство;

— билатерална и мултилатерална соработка;

— материјалните трошоци за изведување на дополнителна настава (закуп на простории, осигурување на учениците и други услуги);

— работа на истурените одделенија на мајчин јазик;

— личните доходи на постојаните воспитувачи, за надоместите за работа на воспитувачите и за дидактичкиот материјал за предучилишно воспитување.

Член 4

Средствата од член 3 на оваа спогодба учесниците ги обезбедуваат во временски рокови со кои се осигурува континуитет на финансирањето на воспитувањето и образованието на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство.

Член 5

Учесниците се согласни во спогодба со Комисијата за воспитување и образование на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство (во натамошниот текст: Комисијата) и во согласност со Општественото договор да ги утврдуваат активностите, заедничките потреби, начинот на доставување и користење на средствата.

Член 6

Учесниците, во согласност со своите потреби и можности, можат да финансираат и други активности во областа на воспитувањето и образованието на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на привремена работа и престој во странство.

Член 7

Учесниците се согласни критериум за учество во обезбедувањето на средствата од член 2 на оваа спогодба да биде бројот на наставниците и воспитувачите што републиките и автономните покраини ги упатиле во странство односно дале согласност за ангажирање во странство.

Член 8

Учесниците се согласни средствата за финансирање на воспитувањето и образованието од Општественото договор да се обезбедуваат за неразвиените републики и за Социјалистичка Автономна Покраина Косово во рамките на средствата за општествена дејност, во согласност со Законот за дополнителните средства на републиките и на автономните покраини во периодот од 1981 до 1985 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 74/80).

Член 9

Учесниците се согласни сходно со критериумите од член 7 на оваа спогодба да го утврдуваат начинот на користење на средствата во случај кога ги обезбедуваат организациите на здружен труд, родителите и странски институции.

Член 10

Учесниците се согласни со посебни одлуки на единствен начин да ги утврдуваат критериумите за определување на личните доходи и на другите лични примања на наставниците и воспитувачите во странство.

Одлуките од став 1 на овој член учесниците ќе ги донесуваат до 30 јуни текуштата година за наредната календарска година.

Со одлуките од став 1 на овој член се утврдуваат единствени основи и за склучување на договор со наставниците и воспитувачите што се упатуваат односно ангажираат во странство за воспитување и образование на граѓаните на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во странство, за донесување на решенија за височината на личните доходи и на другите лични примања на наставниците и воспитувачите, а се регулираат и другите прашања од работните односи на наставниците и воспитувачите.

Член 11

Учесниците се согласни до донесувањето на одлуките од член 10 став 1 на оваа спогодба личните доходи на наставниците и воспитувачите да им се исплатуваат во износите што се утврдени со прописите што се применувале до склучувањето на оваа спогодба.

Член 12

Кон оваа спогодба можат дополнително да пристапат организации, заедници и органи што не учествувале во нејзиното склучување.

Член 13

Измени и дополненија на оваа спогодба може да предложи секој учесник на оваа спогодба.

Измени и дополненија на оваа спогодба се вршат на начинот и по постапката за нејзиното донесување.

Член 14

Учесниците се согласни да го следат спроведувањето на оваа спогодба и за тоа да ја известуваат Комисијата.

Член 15

Оваа спогодба се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Самоуправната спогодба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ.

Скопје 23 декември 1982

За Сојузот на самоуправните интересни заедници за основно образование и воспитување на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина,
Милутин Поповиќ, с. р.

За Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование на Социјалистичка Република Црна Гора,
Славко Шкепановиќ, с. р.

За Сојузот на самоуправните интересни заедници за воспитување и основно образование на Социјалистичка Република Хрватска,
Маријан Шарлија, с. р.

За Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование на Социјалистичка Република Македонија,
Јован Гавазов, с. р.

За Заедницата за образование на Словенија,
Теодор Креузер, с. р.

За Републичката заедница за основно образование на Социјалистичка Република Србија,
Фикрет Качевиќ, с. р.

За Покраинската самоуправна интересна заедница за образование и воспитување на Социјалистичка Автономна Покраина Косово,
Раме Алихајдари, с. р.

За Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно образование на Војводина,
Живко Пуцаревиќ с. р.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНА НА УСТАВНОСТА И ЗАКОНИТОСТА НА ОДЛУКАТА НА РАБОТНАТА ЗАЕДНИЦА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ХРВАТСКА ЗА ИСПЛАТУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ ПРЕКУ ШТЕДНИ КНИШКИ, ОД 9 НОЕМВРИ 1979 ГОДИНА

1. Љубица Сандер, од Загреб, даде иницијатива до Уставниот суд на Југославија за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката на Работната заедница на Народната банка на Хрватска од 9 ноември 1979 година, поради тоа што со неа е уредено личните доходи на работниците на Работната заедница да се исплатуваат преку штедни книшки, отворени кај Стопанската банка Загреб, почнувајќи од јануари 1980 година, што не е согласно со Уставот на СФРЈ и е во спротивност со Законот за основите на кредитниот и банкарскиот систем, според кои граѓаните слободно одлучуваат дали, со која банка, и под кои услови ќе склучат договор за штеден влог.

2. Со оспорената одлука на општ начин се утврдува исплатата на личните доходи на работниците на Работната заедница преку штедни книшки, а со тоа и обврска за работниците да отворат штедни книшки кај определена банка.

3. Во одговор на решението на Судот за поведување постапка, Народната банка на Хрватска наведе дека исплатата на личните доходи преку штедни книшки и тековни сметки е општо прифатена, како општествено потребна и корисна, дека судовите на здружениот труд му даваат правна заштита на ваквиот и сличен начин на исплата на личните доходи — зашто со оспорената одлука не се повредени самоуправните права на работниците, ниту правата да располагаат со својот личен доход — како и дека оспорената одлука нема карактер на општ акт, па Уставниот суд на Југославија не е надлежен да ја оценува нејзината уставност и законитост.

4. Судот оцени дека оспорената одлука има карактер на општ акт, бидејќи со неа на општ начин се утврдува исплатата на личните доходи на работниците преку штедни книшки, а со тоа и обврска за работниците да отворат штедни книшки кај определена банка.

Според одредбите од чл. 15 и 40 на Законот за основите на кредитниот и банкарскиот систем („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/77) банкарските организации можат да вршат банкарски работи во име и за сметка на граѓаните врз основа на договор што го склучуваат со нив врз основа на заеднички изразена слободна волја, од што произлегува правото на граѓаните да одлучат за тоа дали, со која банка и под кои услови ќе склучат договор за штеден влог, што треба да се разликува од правото на организација на здружен труд да го определи местото на исплатата, односно благајничките работи да ѝ ги довери на банка или на друга организација, како и личните доходи да ги исплатува преку штедни книшки, под услов таквиот начин на исплата да го прифати секој работник.

Овие права на граѓаните, утврдени со сојузен закон, не можат, според член 198 од Уставот на СФРЈ, да се ограничуваат, освен во случаите и во постапката што се пропишани со закон.

Судот оцени дека оспорената одлука не е во согласност со Уставот на СФРЈ и дека е во спротивност со сојузниот Закон за основите на кредитниот и банкарскиот систем.

5. Уставниот суд на Југославија, врз основа на чл. 375 и 385 од Уставот на СФРЈ и член 32 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 24 декември 1982 година, донесе

Одлука

Се укинува Одлуката на Работната заедница на Народната банка на Хрватска за исплатување на личните доходи преку штедни книшки, од 9 ноември 1979 година.

Оваа одлука Судот ја донесе во состав: претседателот на Судот д-р Александар Фира, и судиите: д-р Васил Гривчев, Рамадан Враниќи, д-р Стана Ѓукиќ-Делевиќ, Владимир Кривиц, Славко Кухар, Воислав Ракиќ, Мустафа Сефо, Јаким Спировски, д-р Јосиф Трајковиќ, Иван Франко, Мијушко Шибаликиќ и Душан Штрбац.

У. бр. 125/82
24 декември 1982 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д р **Александар Фира**, с. р.

НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

За потсекретар во Сојузниот секретаријат за внатрешни работи се назначува Анѓелко Маслиќ, досегашен помошник на сојузниот секретар за внатрешни работи.

С. п. п. бр. 83
3 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

За помошник-претседател на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита се назначува Владимир Мештровиќ, досегашен помошник-претседател на тој комитет.

С. п. п. бр. 84
3 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

За помошник-претседател на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита се назначува Душан Кнежевиќ, досегашен помошник- претседател на тој комитет.

С. п. п. бр. 85
3 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ ", бр. 23/78 и 21/82), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПОМОШНИК-ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТРУД, ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

За помошник-претседател на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита се назначува Невенка Јанковиќ, досегашен помошник-претседател на тој комитет.

С. п. п. бр. 86
3 февруари 1983 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Борисав Сребрик, с. р.

